ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:34-168/17**

**Дата: 10.11.2011 година**

**ДО**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКИ ШУМИ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Предмет на Конечниот извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈП Македонски шуми за 2010 година.
Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на ЈП Македонски шуми за 2007 година.
Поради значајноста на прашањата изнесени во извештајот изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година. Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година делумно се спроведени.
Изразено е негативно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2010 година, од следните причини:

- ревизијата не се увери во комплетноста и веродостојноста на податоците, доставувани од подружниците до дирекцијата на јавното претпријатие, кои се основа за изготвување на финансиските извештаи, бидејќи информативниот систем, е развиван без формална методологија и не се користи, а секоја подружница има посебен апликативен софтвер за финансиско сметководствена евиденција. Во отсуство на ИТ стратегија за развој и подобрување на ИТ системот, како и дефинирани процедури за Back up, секоја подружница

одделно и повремено ги снима податоците од финансиското работење;
- доведена е во прашање регуларноста во вршењето попис на основните средства со кои располага јавното претпријатие, а кои немаат инвентарни броеви;
- отсуство на контроли од материјално финансиски и правен аспект;
- нереално прикажани побарувања во Билансот на состојба бидејќи не се врши целосен отпис на застарените побарувања, ниту соодветна проценка на задоволителна веројатност дека истите ќе бидат наплатени;
- евидентирани судски извршни решенија од поодминати години, за кои ревизијата не доби документација во прилог;
- нереално прикажување на временските ситуации и
- контролен систем што не гарантира законитост, целосност, прикажување и навремена наплата на приходите остварени од работа.

Изразено е мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, од следните причини:

- не е донесен општ план за стопанисување со шумите, а посебните планови за 23 шумско стопански единици не се целосно изготвени и донесени, поради слабости во процесите на изготвување и донесување на плановите;
- јавното претпријатие има од една страна ненаплатени побарувања од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ за акцијата „Ден на дрвото - засадија својата иднина„ во вкупен износ од 187.607 илјади денари, а од друга страна има неподмирени обврски кон државата за проширена репродукција во износ од 117.331 илјади денари;
- ангажирање на 279 лица преку Агенција за привремени вработувања, за систематизирани работни места и задачи, со цел остварување на основната дејност на претпријатието;
- донесување на подзаконски акти – Правилници, кои ги усложнуваат процесите на работење во претпријатието.

Ревизијата смета дека долготрајната и комплексна тендерската процедура за вршење на основната дејност - сеча, дотур и превоз на дрвни сортименти, е системска слабост, што го забавува процесот на производство во претпријатието, кое, со оглед на тоа што се одвива во шума, во голем дел зависи од временските услови на кои објективно не може да се делува.

Ревизијата ги истакнува расходите поврзани со одржувањето на возниот парк, бидејќи заземаат значително учество во вкупните трошоци на јавното претпријатие и влијаат на финансиските извештаи. Имено, возниот парк, особено механизацијата, поради просечна старост од над 25 години и чести дефекти, од една страна, го отежнува процесот на производство односно доведува до неисполнување на производните, а со тоа и на финансиските планови, а од друга страна влијае на зголемување на трошоците за тековно одржување како и на пораст на трошоците за изградба, реконструкција и прочистување на патиштата.
Од страна на Јавното претпријатие Македонски шуми не се добиени забелешки на нацрт Извештајот во законскиот рок.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈП Македонски шуми на страна 27-30, заедно со ревизија на усогласеност, кои се состојат од: Биланс на состојба за 2010 година, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот и Извештај за паричните текови за 2010 година, како и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈП Македонски шуми за 2007 година и изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, и за законско и наменско трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- *Жарко Караџоски, директор на ЈП Македонски шуми*

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на разумни сметководствени проценки во дадените околности.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи од сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи, од сите материјални аспекти, се изготвени во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, од сите материјални аспекти.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во Дирекцијата на

јавното претпријатие и во подружниците: Караџица – Скопје, Бор - Кавадарци, Бабуна - Велес, Галичица - Охрид, Лешница - Тетово, Куманово - Куманово, Кожуф – Гевгелија, Кајмакчалан - Битола и Бигла - Демир Хисар.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 02/03/2010 до 29/07/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на претходната ревизијата - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година за извршената ревизија на ЈП Македонски шуми. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор утврдено е следното:

- Воспоставени се контролни постапки во процесот на плаќање;
- Воспоставени се контролни постапки во процесот на јавни набавки;
- Начинот на плаќање на заостанатите даноци е уреден со договор за одложено плаќање, склучен со УЈП;
- Превземени се активности за потврдување на сопственоста на имотот, а по донесувањето на Законот за дивоградби, се водат постапки за запишување на правото на сопственост врз објекти кои биле дивоградби;
- Поднесени се тужби за ненаплатените побарувања, а договорите за купопродажба се склучуваат исклучиво со обезбедена гаранција;
- Формирана е Комисија за утврдување на фактичката состојба на производите во туѓ склад;
- Наплатени се побарувањата по основ на договорите за закуп;
- Извршена е контрола по подружници за утврдување на побарувањата од вработени. Констатираните неправилности се коригирани и преземени се активности за утврдување на одговорноста;
- Нема нови кредитни задолжувања, а кредитите од минати години се вратени, и
- Извршен е отпис на обврските по основ на старата кредитна линија пренесена од Агенцијата за санација на банките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ЈП Македонски шуми предмет на ревизија, одржан на ден 24ти Август 2011 година.

Од страна на ЈП Македонски шуми не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

## 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Ревизијата не се увери во комплетноста и веродостојноста на податоците доставувани од подружниците до дирекцијата на јавното претпријатие, кои се основа за изготвување на финансиските извештаи, бидејќи информативниот систем, е развиван без формална методологија за развој и имплементација на интегрирани информативни системи и истиот не се користи. Од разговорите со одговорните лица како и со увид во документацијата, ревизијата утврди дека во периодот 2008-2009 година јавното претпријатие набавило Интегриран информационен систем (ИИС), но со анализа на ИТ системот и податоците од финансиско сметководствената евиденција, ревизијата утврди дека подрачните единици и централната единица на ЈП Македонски шуми не го користат ИИС.

Со овој систем[1] требало да се синхонизира дистрибуираното работење на сите подружници и на дирекцијата и да се обезбеди брз проток и истовремена достапност на целосни, точни, веродостојни и навремени информации и податоци до сите авторизирани корисници, кои ги спроведуваат деловните/работни процеси. Но, истиот сеуште не функционира, поради тоа што се креирал и развивал без адекватна формална методологија. Ова дотолку повеќе што и најдобрите пракси од областа на информатичката технологија укажуваат на зголемен ризик од неуспех на систем што се развива без адекватна формална методологија.

Во текот на ревизијата, односно во мај 2011 година, донесена е Одлука за формирање на Работна група задолжена за дефининирање на работните процеси и стандардни документи врз основа на кои ќе се направи модификација и доработка на Софтверот за планирање на ресурси (материјално и финансиско работење) и менаџирање на документи т.е Софтверот за Интегриран информационен систем.

**Препорака**:

Јавното претпријатие да развие и да користи методологија за развој и имплементација, која треба да се применува за развој на новите системи и внесување (имплементирање) дополнителни промени на постоечките системи. Развојниот циклус на системот треба да го опфати комплетното

[1] Системот бил составен од следните модули:
- Систем за управување со документи (DMS) и
- Систем за планирање на ресурси (ERP) кој ги опфаќа следните работи: Материјално и комерцијално работење, Аквизација на податоци од терен, Финансово работење, Калкулација и цена на чинење на продуктот, Благајничко работење, Пресметка на личен доход, Евиденција на основни средства, Следење на ситен инвентар,

техничко изведување на системот, од изработка на студија за можност за изведување до одржување на системот и имплементирање на подобрувањата на истиот, односно, да ги опфати следните фази: планирање, анализа, осмислување (спецификација на целите, оперативност на системот и разработка на модел на системот), развој, имплементација и проверка, одржување и надградба.

4.1.2. Ревизијата утврди дека поради тоа што системот за планирање на ресурси (ERP) како дел на Интегриран информационен систем (ИИС), не се користи, секоја подружница има посебен апликативен софтвер за финансиско сметководствена евиденција, чие одржување е од различни добавувачи. Користењето на различни апликативни софтвери кај подружниците, го зголемува ризикот од нецелносни, некомплетни и некоректни финансиски податоци и показатели и го отежнува изготвувањето на финансиските извештаи Биланс на состојба и Биланс на успех.
Ревизијата не дава препорака, бидејќи оваа состојба се очекува да се надмине со преземените активности за функционирање на Интегрираниот информационен систем.

4.1.3. Јавното претпријатие нема ИТ стратегија за развој и подобрување на ИТ системот. Имено, податоците од финансиското работење се снимаат повремено, а секоја подружница одделно е одговорна за снимање на резервна копија. Нема дефинирани процедури за Back up, ни временски интервал во кој задолжително треба да се сними резервна копија на податоците од финансиско - сметководствената евиденција.
Ваквиот начин на работа не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност и го зголемува ризикот од несоодветен развој на ИТ системот, несоодветен пристап до податоците и губење на податоци во случај на хаварија.

**Препораки**:

Да се подготви и донесе ИТ стратегија за развој на ИТ системот со која треба да се предвиди и дефинира придонесот на ИТ целите за стратешките цели на претпријатието и сродни трошоци и ризици и да се специфицира ИТ поддршката на ИТ овозможените инвестициони програми, услуги и средства.
Да се превземат мерки за зголемување на безбедноста на податоците, од аспект на чување и достапност и да се дефинира временски рок и начин на правење и чување на резервна копија на податоците од финансиско сметководствената евиденција за сите поединки -работни единици.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со увид во документацијата ревизијата констатира дека не е донесен Општ план за стопанисување со шумите во РМ во законски предвидениот рок. Општиот план е плански документ со важност од 20 години. Со неисполнување на законската обврска за донесување на истиот, не може да се постигне целта дефинирана во Законот за шуми, во смисла: да се прикаже и анализира состојбата на шумскиот фонд, да се одреди намената на шумите, да се дефинира функционалната, просторната и еколошката целина, целите и мерките за одржување и унапредување на општо корисните функции на шумите, како и да се одредат методите на стопанисување, одгледувачите и уредувачките мерки.
Согласно Законот за шуми, Општиот план треба да го изготви Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, како орган на државната управа надлежен за работите од областа на шумите, во период од две години од донесување на Законот (мај 2009 година). Согласно Законот, Општиот план треба да го усвои Владата на РМ, а да го донесе Собранието на РМ.

**Препорака**

Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ, во најкус рок да го изготви, Владата на РМ да го усвои, а Собранието на РМ да го донесе Општиот план за стопанисување со шумите.

4.2.2. Од извршеното интервју со одговорните лица од Секторот за уредување, како и од извршениот увид во документацијата на подружниците кои беа предмет на ревидирање, ревизијата констатира дека, посебните планови за 23 шумско стопански единици не се целосно изготвени и донесени. Во споменатиот сектор направена е анализа и утврдени се слабости во процесот на изготвување и во процесот на донесување на плановите. Имено, во процесот на изготвување на посебните планови констатирано е следното:

- заминување на дел од проектантите, особено во последните пет години;
- несоодветна организација и евиденција за процесот, особено за фазите до кои се изработени посебните планови, поради што, раководството немало увид во тековните состојби (пресеци) за да преземе и соодветни мерки;
- не постапување по забелешки од Комисијата за рецензија кои биле од суштинско значење за шумско стопанските единици и посебните планови;
- неизвршување односно прекинување на теренските работи за собирање податоци во 2009 година, како поради економска неоправданост, така и поради безбедносни причини (закани од локално население, организирани дрвокрадци);

- укинување на дневниците за службен пат на проектантите и не плаќање на теренски додаток.

Во процесот на донесување на посебните планови, констатирани се слабости во работењето на Комисијата за рецензија при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ, кои се однесуваат на:

- ненавремено читање, давање забелешки и закажување на термини за расправа;
- забавување на процесот со повторно барање на веќе дадени климатски податоци од Управата за хидро метеоролошки работи за период 2000-2010година;
- рапидно зголемување на бројот на доставени забелешки (осум пати повеќе во споредба со периодот 2006 – 2009 година), кои најчесто се несуштински, т.е, од лекторска природа и дадени се дури и на тврдо укоричени посебни планови - предадени за Решение. Тоа предизвикува дополнителни активности за повлекување, коригирање и повторно предавање на посебните планови, иако е познато дека плановите може тврдо да се укоричат само по извршени контроли и со дозвола на Комисијата, а за утврдени неправилности на укоричен план со потпишано Решение од Министерот има процедура за подготвување анекс;
- доставување на забелешки кои суштински влијаат на големината на шумско стопанската единица (пр. затварање на надворешната граница од шумско стопанската единица по срт, а не по ивица на шума), со што се наметнува потреба од изработка на два посебни планови наместо еден, а не се води сметка за уредувањето на шумите, како во потесна, така и во поширока смисла на зборот, ниту за сопственоста на површините над ивицата на шумата (најчесто сопственост на ЈП Пасишта), како и за фактот дека ивицата на шумата, кога се дава ваква забелешка, често пати претставува и горна граница на шумата;
- ненавремено обезбедување мислење од надлежните органи (пр. Министерство за одбрана), одговорност на Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ, и
- ненавремено доставување на решенија од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ до Секторот за уредување на шуми и ловишта и проектирање на јавното претпријатие.

Ненавременото донесување на посебните планови, понатаму предизвикува проблеми во маркирањето на одделите за сеча. Согласно Законот за шуми, маркирање за одделите кои со посебните планови се предвидени за сеча во наредната година се врши најдоцна до 30ти Септември во тековната годината. Поради тоа што важноста на старите посебни планови поминала, а новите или не биле изготвени или немале решение од Министерот, Државниот

инспекторат за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ, не дозволил да се изврши маркирање за сеча за тие шумско стопански единици.

Неизвршеното маркирање доведува до усложнување на постапката за јавни набавки, бидејќи од една страна одделите во состав на шумско стопанската единица за кои нема донесено нови посебни планови не може да се објават на тендер, а од друга страна се стопира сечата во одделите во шумско стопанските единици за кои претходно е завршена постапката за јавни набавки и има склучено договори за сеча со надворешни извршители.

До денот на ревизијата, ЈП Македонски шуми има пристапено кон отстранување на причините што го забавуваат работењето, односно подготвена е динамика со прецизни рокови за забрзување и довршување на канцелариските работи, како и насоки за постапување по добиени забелешки од страна на Комисијата. Исто така, преку комуникација со Комисијата за рецензија пристапено е кон надминување на субјективните слабости и меѓусебно усогласување. Така, од вкупно 23 посебни планови кои биле со поминат рок на важност, 17 добиле Решение потпишано од Министерот, а останатите 6 се во завршна фаза.

**Препорака**

Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ и ЈП Македонски шуми да преземат активности за утврдување и донесување Деловник за работа на Комисијата за рецензија, со цел навремено донесување на посебните планови.

Надлежните органи (Комисијата за рецензија, Секторот за шумарство и ловство при Министерството и надлежните сектори во ЈП Македонски шуми) да ги интензивираат мерките и активностите за навремено донесување на посебните планови дотолку повеќе што истите се основа за стопанисување со шумите, односно претставуваат утврдени планови за стопанисување на шумско стопанските единици по вид и обем на работите, времето и начинот на спроведување.

Да се преиспита Одлуката на директорот за укинување на дневниците за службен пат на проектантите и на теренскиот додаток, имајќи ги предвид сложеноста на работните задачи и условите во кои се извршуваат.

4.2.3. Со увид во финансискиот извештај Биланс на состојба, ревизијата констатира дека на крајот од 2010 година неплатените обврски за проширена репродукција на шумите достигнале износ од 117.331 илјади денари. Овие обврски произлегуваат од Законот за шуми, според кој, субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост треба да обезбедат средства во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат, за работите на проширена репродукција на шумите и истите да ги уплатуваат во

Буџетот на РМ.

Исто така, ревизијата утврди дека јавното претпријатие покрај спомenатите обврски кон државата за проширена репродукција во износ од 117.331 илјади денари, има ненаплатени побарувања од Министерството за акцијата „Ден на дрвото засадија својата иднина„ во вкупен износ од 187.607 илјади денари.

Акцијата Ден на дрвото, е дел од Програмата на Владата на РМ за проширена репродукција. За 2010 година, согласно Заклучоците на Владата на РМ, јавното претпријатие било обврзано за пролетното пошумување да обезбеди 4 милиони шумски садници, а за есенското 7 милиони шумски садници и 3 илјади декоративни садници. Покрај тоа јавното претпријатие било задолжено да набави 100 дупчалки и да ги подготви локациите за пошумување. Постапувајќи по оперативно – акциониот план за реализација на акцијата, ЈП Македонски шуми го реализирало пошумувањето на вкупно 2.590ха (715 за пролетната, а 1.875ха за есенската акција) со околу 11 милиони садници, за што потрошени се сопствени финансиски средства во вкупен износ 187.608 илјади денари.

Ревизијата констатира дека од предвидените 50.000 илјади денари од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2010 година, за акцијата – „Ден на дрвото засадија својата иднина„ по пребивањето на дел од долгот за 2009 година, останале 4.000 илјади денари за исплата на пошумените површини со пролетната и есенската акција, но и тие не се исплатени.

Владата на РМ, на седницата одржана во март 2011 година дала препорака да се изврши усогласување и компензирање на меѓусебните обврски на министерството и јавното претпријатие по Програмата за проширена репродукција на шумите. До денот на ревизијата не е извршено меѓусебно усогласување и компензирање.

**Препорака**

Да се зајакнат контролните механизми за навремено плаќање на обврските за проширена репродукција кои ЈП Македонски шуми ги има кон Буџетот на РМ, како и навремено плаќање на обврските кои министерството ги има кон ЈП Македонски шуми за акцијата „Ден на дрвото“.

4.2.4. Со увид во документацијата како и од извршеното интервју со одговорните лица, ревизијата констатира дека во 2010 година, 279 лица се ангажирани преку Агенција за привремени вработувања, за систематизирани работни задачи и работни места, со цел остварување на основната дејност на претпријатието.

Ова не е во согласност со одредбите од Законот за Агенции[2] за привремени

[2] Со Законот за Агенции за привремени вработувања се предвидува отстапување работник на друг работодавач во следните случаи:
- замена на привремено отсутен работник,
- специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот, - непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршење на претежната дејност на работодавачот,

вработувања, дотолку повеќе што во октомври 2010 година објавен е оглас за редовно вработување, преку кој истите лица се вработени на неопределено време.

Постапката за прием на ново вработените, следи по Одлуката на Владата на РМ за намалување на бројот на вработени ангажирани преку агенции за привремени вработувања и согласноста од Министерството за финансии на РМ за обезбедени средства за плати. Ревизијата укажува дека спомената Одлука се однесува на буџетските корисници, бидејќи со истата, Министерството за финансии на РМ е задолжено со ребалансот на Буџетот да ги префрли средствата предвидени за материјални трошоци за привремено вработените, во делот за плати.

Вработување на неопределено време на лица претходно ангажирани преку агенции за привремени вработувања, не обезбедува фер конкуренција и почитување на принципот на еднаков третман, дефиниран во Законот за работни односи и остава простор за субјективно одлучување.

Во текот на ревизијата, во јавното претпријатие се вработија уште 46 лица, со што бројот на вработени, достигна 2.440 лица.

Ревизијата, исто така, укажува на потребата од сообразување на работните задачи, работните места и вработените лица, дотолку повеќе што основната дејност, дотур сеча и превоз, се врши со надворешни извршители за кои дополнително се плаќаат средства кои достигнуваат и до 82% од средствата што се исплаќаат за плата на редовно вработените.

**Препорака**

При вработување на нови работници да се почитуваат одредбите од Законот за работни односи, во функција на остварување на принципот на еднаков третман на лицата кои се кандидати за вработување.

Со Актот за систематизација и организација да се изврши сообразување на работните задачи, работните места и вработените лица во јавното претпријатие.

4.2.5. Во сметководствената евиденција на име обврски за данок на додадена вредност, обврски за данок од добивката, обврски за персонален данок од плати и персонален данок од други примања заклучно со 31.12.2010 година искажана е обврска во вкупен износ од 1.302.690 илјади денари и тоа како што следува:

- данок на додадена вредност во износ од 1.007.735 илјади денари;
- данок од добивка во износ од 130.919 илјади денари;
- обврски за персонален данок на други примања во износ од 68.571 илјади

- привремено зголемен обем на работа,
- сезонска работа, работа на проект.

денари, и

- персонален данок од плати во износ од 95.465 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од член 9 и 10 од Законот за данокот на додадена вредност, одредбите од член 4 од Законот за данокот на добивка и член 3 од Законот за персоналниот данок на доход и доведува до потценување на приходите на Буџетот на Република Македонија.

Во февруари 2010 година од менаџментот на јавното претпријатие поднесено е барање до Министерство за финансии -Управата за јавни приходи за одложено плаќање на даночниот долг. Управата донела Решение со кое се одобрува плаќање на даночниот долг (Данок на додадена вредност, данок од добивка, персонален данок,) во износ од 1.287.582 илјади денари на 120 еднакви месечни рати, почнувајќи од март 2013 година заклучно со март 2023 година.

4.2.6. На позицијата придонеси од плати од минати години искажана е обврска во вкупен износ од 175.636 илјади денари за:

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 11.417 илјади денари;
- придонес за здравствено осигурување во вкупен износ од 771 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 5.037 илјади денари и
- придонеси од минати години во износ од 158.411 илјади денари;

Ова е спротивно на одредбите од член 1 и член 11 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, член 5 од Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување и доведува до потценување на приходите на наведените фондови.

Со Фондот за здравствено осигурување на РМ склучен е Договор за одложено плаќање на заостанатите придонеси за здравствено осигурување во октомври 2007 година, согласно кој обврските требало да се подмируваат по одредена динамика. Договорот не е целосно спроведен. Фондот за здравствено осигурување на РМ во март 2009 донел Решение за мирување на обврските по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување до 31. декември 2012 година за износ од 37.768.илјади денари.

4.2.7. Со увид во подзаконските акти донесени согласно Законот за шуми ревизијата го констатира следното:

- Со Правилникот за начинот на издавање на лиценца за изведување на стручни работи од областа на шумарството, предвидена е можноста за стекнување на лиценци на приватни фирми, но не се предвидени критериуми според кои се издаваат истите.

  Ова, од една страна ја доведува во прашање објективноста во издавање на лиценците, ставајќи ги во нерамноправна положба сите апликанти, а од друга страна остава простор за субјективно одлучување при вршење на стручни работи од шумарството (непочитување на посебните планови по кои работи јавното претпријатие) како и нелојална конкуренција преку

определување на цена за услугата, различна од цената одобрена од Владата на РМ;

- Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на месечниот извештај за сеча, дотур и превоз, пропишува изготвување сет од четири обрасци и тоа: за сеча, дотур, превоз и образец за извршени работи во фазата на сеча, дотур и превоз. За пополнување на обрасците, потребен е неколку дневен ангажман на повеќе лица, што често пати е причина за задоцнето доставување на истите до дирекцијата на ЈП;
- Во Правилникот за воведување и одржување на шумскиот ред наведени се причините и начинот на одржување на шумскиот ред и предвидено е воведување на шумски ред односно завршување на сите активности околу отстранување на последиците од шумскиот пожар во рок од еден месец. Со тоа постои временска неусогласеност на подзаконскиот акт и примената на Законот за јавни набавки – за избор на изведувач за сеча, дотур имајќи предвид дека станува збор за тендер од меѓународен карактер за чија реализација е потребен долг временски период;
- Со Правилникот за начинот на обезбедување за сопствените потреби со огревно дрво на физички лица од државна шума, како и формата и содржината на образецот за евиденција на исечената дрвна маса, предвидено е вршење сеча утврдена со посебните планови за стопанисување со шуми во соодветната календарска година, освен во периодот од 01.07-31.08. Примената на правилникот предизвикува негативни ефекти кај јавното претпријатие од аспект на прибирање приходи по овој основ;
- Со донесување на новиот Правилник за видот и начинот на жигосување, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратница и висината на надоместокот на издадени испратници, престанува да важи стариот од 2008 година. Разликата помеѓу новиот и стариот правилник е во содржината на испратницата. Имено, за разлика од стариот правилник според кој на испратницата стои сув жиг на јавното претпријатие и податоците за подружницата и шумско стопанската единица која ја издала, според новиот правилник испратниците имаат штембил и потпис на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ и лого на јавното претпријатие.

  Отсуството на податоци за подружницата и шумско стопанската единица и сув жиг, ја намалува можноста на јавното претпријатие за заштита бидејќи остава простор за фалсификување и ја доведува во прашање законитоста и целосноста на прикажаните приходи на ЈП.

**Препорака**

Да се изврши изменување и дополнување на наведените под законски акти, со цел да се подобри и поедностави работењето на јавното претпријатие.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Со увид во Билансот на состојба, ревизијата констатира дека материјалните средства се проценети во износ од 58.435.571 илјади денари. Ревизијата не се увери во реалноста на оваа позиција, поради тоа што од Елаборатот за попис на средствата утврди дека не е извршено инвентарисување, односно средствата со кои располага јавното претпријатие немаат номенклатурни (инвентарни) броеви, со што се доведува во прашање регуларноста во вршењето на пописот.

**Препорака**

Да се изврши инвентарисување на материјалните средства, сопственост на јавното претпријатие согласно Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

4.3.2. ЈП има утврдено сметководствена политика според која побарувањата од купувачите и другите побарувања се признаваат во билансот доколку реално се очекува да се наплатат во рок од една година од датумот на составување на билансот. Во Билансот на состојба искажани се побарувања во износ од 626,746 илјади денари, но, со увид во документацијата и врз основа на прегледи изготвени од страна на субјектот ревизијата утврди дека не се врши соодветна проценка на побарувањата ниту целосен отпис на застарените побарувања.
Од извршениот увид по подружници кои беа предмет на ревидирање ревизијата го утврди следното:

- сметководствените политики за евидентирање и усогласување на побарувањата во пракса не се применуваат;
- не воедначен пристап односно различно толкување и примена на аналитичко конто сомнителни и спорни побарувања - по проценка за извесноста на наплатата на побарувањата од моментот на нивно настанување до моментот на нивна наплата или отпис. На листата на побарувања за кои е извршена проценка дека ќе се наплатат, се наоѓаат и побарувања постари од три т.е. пет години кои не може да се наплатат;
- со увид во документацијата, ревизијата утврди дека подружницата Караџица е една од седумте подружници кај кои Централната пописна комисија-ЦПК не констатирала спорни состојби, иако има побарувања во вкупен износ од 9.215 илјади денари кои требало да бидат отпишани во 2010

година, но за истите не доставила предлог за отпис, ниту пак се внесени во Елаборатот за попис од ЦПК;

- до подружницата Кајмакчалан Битола, доставена е Одлука од претседателот на Централната пописна комисија, за прифаќање на предлогот за отпис на застарени побарувања во вкупен износ од 9.934 илјади денари, што не е во согласност со пописниот елаборат во кој Централната пописна комисија не го прифатила предлогот за отпис на истиот износ. Од друга страна, со увид во сметководствената документација, на ставката Вредносно усогласување на краткорочните побарувања, ревизијата констатира различен износ на средства за отпис т.е. отпишани се 3.533 илјади денари и
- став на Централната пописна комисија да не ги прифаќа предлозите на главните пописни комисии на подружниците за отпис на застарени побарувања. Имено, од Елаборатот за извршен редовен годишен попис со состојба 31.12.2010 година, ревизијата констатира дека Централната пописна комисија не го прифатила предлогот на главните пописни комисии за отпис на побарувања во вкупен износ од 22.775 илјади денари.

Поради споменатите состојби ревизијата не може да се увери во реалното прикажување на побарувањата во финансиските извештаи за работењето на ЈП Македонски шуми за 2010 година, бидејќи за сите признати и искажани побарувања не постои задоволителна веројатност дека ќе бидат наплатени.

Со цел да се подобри наплатата на побарувањата, менаџментот издал интерен акт - Наредба за задолжување на раководители на подружници да ги интензивираат активностите за следење и навремено утужување на побарувањата (проверка на ажурирање на поднесени тужби за побарувања и сл.).

4.3.3. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на побарувањата. За ненаплатени побарувања во вкупен износ од 685,126 илјади денари беа испратени конфирмации до комитентите на централната дирекција и 8 подрачни единици (Гевгелија, Битола, Охрид, Велес, Куманово, Тетово, Кавадарци и Караџица) во износ од 80,628 илјади денари, кои опфаќаат 12 % од вкупните побарувања. Од испратените конфирмации, до денот на ревизијата добиени се одговори од 16 комитенти (25% од испратените конфирмации) од кои 13 во износ од 18,754 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (23 % од испратените конфирмации), 3 конфирмации во вкупен износ од 3,842 илјади денари делумно ја потврдија состојбата (05% од испратените конфирмации), додека за 31 конфирмации во вкупен износ од 56,026 илјади денари (69 % од испратените конфирмации) не се добиени одговори.

Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доволно докази за реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на побарувањата.

4.3.4. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 – Екстерни конфирмации од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За не подмирените обврски во вкупен износ од 188,082 илјади денари беа испратени конфирмации кон добавувачите од централната дирекција и 8 подрачни единици (Гевгелија, Битола, Охрид, Велес, Куманово, Тетово, Кавадрци и Караџица) во износ од 66,618 илјади денари, кои опфаќаат 35 % од вкупните обврски. Од испратените конфирмации, до денот на ревизијата добиени се одговори од 20 добавувачи (64% од испратените конфирмации) од кои 13 во износ од 15,746 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (24 % од испратените конфирмации), 7 конфирмации во вкупен износ од 25,397 илјади денари делумно ја потврдија состојбата (38% од испратените конфирмации), додека за 22 конфирмации во вкупен износ од 22,743 илјади денари (34 % од испратените конфирмации) не се добиени одговори.
Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доволно докази за реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на обврските.

4.3.5. Со увид во документацијата на јавното претпријатие, по подружници ревизијата утврди исплати на вработени кои добиле извршни судски решенија по основ на надомест за придонеси од изминати години. Во 2010 година на ниво на јавното претпријатие исплатени се 23.443 илјади денари од кои 8.302 илјади денари се однесуваат на подружницата Куманово. Инаку, во Куманово на име извршни судски решенија евидентирани се 42.921 илјади денари кои се пренесуваат во евиденцијата на подружницата секоја година и не се раскнижуваат. Од разговор со одговорни лица во подружницата, ревизијата се информира дека истите стојат во евиденцијата и се пренесуваат секоја наредна година поради тоа што Дирекцијата од Скопје не доставила прилог документација - извршни судски решенија за подружницата, врз основа на што истите може да се раскнижат.
Во јули 2010 година подружницата Куманово, доставила писмено барање до Дирекцијата за доставување на прилог документација - извршни судски решенија на вработени, а одговорот на Дирекцијата бил, дека сите добиени судски решенија се доставени до раководните лица на подружницата Куманово. Од друга страна, од одговорните лица во Дирекција Скопје, ревизијата се информира дека нема извршни судски решенија во документацијата на Дирекцијата за период до 2006 година. Деталната евиденција со која располага Дирекцијата се однесува за период од 2006 година до периодот на извршување на ревизијата.
Ревизијата не се увери во релевантноста и веродостојноста на информациите содржани на позицијата 197 – временски разграничувања во финансискиот извештај биланс на состојба, бидејќи сеуште се евидентираат судски извршни

решенија од поодминати години, за кои ревизијата не доби документација во прилог.

**Препорака**

Во функција на реално и објективно прикажување на финансиските извештаи, да се изврши раскнижување на судските извршни решенија во подружницата Куманово од изминати години со примена на прифатените сметководствените политики и начела.

**Биланс на успех**

4.3.6. ЈП Македонски шуми обезбедува средства за работа и развој од приходите кои ги остварува со работа, приходите од Буџетот на РМ преку Програмата за проширена репродукција, кредитни средства и средства од други извори, согласно Закон.

При вршењето на ревизијата применети се постапки за контрола на целосно и навремено наплаќање на приходите, со цел да се утврди целосност, настанување, мерливост, прикажување и законитост.

Во однос на приходите остварени од работа, ревизијата констатира дека контролниот систем на јавното претпријатие не гарантира законитост, целосност, прикажување и навремена наплата. Имено:

- Поради временски расчекор од донесување одлука на УО за утврдување на цени на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми„ до примена на истата во подружниците (период за усвојување, односно давање на согласност на истата од страна на Владата на РМ, како и период на доставување до подружниците), приходите кои ги остварувало јавното претпријатие во период од 1 месец се помалку остварени/прикажани бидејќи продажбата на главни шумски производи се вршела со примена на стар ценовник, со цени пониски од цените во новиот ценовник каде што била зголемена цената на пенушка за бука и даб и други тврди и меки лисјари. Од друга страна остварени/прикажани се повеќе приходи поради продажба на шумски производи кои како категорија се укинати (во новиот ценовник не е предвидена цена за истите при што се остварени приходи од продажба за која нема основ – шумски производ букови трупци трета класа и сеченица);

**Препорака**

Надлежните лица во ЈП Македонски шуми да го зајакнат контролниот механизам во функција на целосна и навремена наплата на приходите.

4.3.7. Во Законот за шуми предвидено е издвојување на средства за проста репродукција и користење на истите за одгледување и заштита на постојните шуми, изградба на шумски патишта, техничко опремување за вршење работи на

заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите. За извршување на наведените активности се изготвуваат временски ситуации кои понатаму се одобруваат од Државниот инспекторат за шумарство.
Ревизијата не се увери во реалното прикажување на временските ситуации, а со тоа и на расходите по овој основ во финансискиот извештај Биланс на успех, поради:

- коригирани временски ситуации по вредност и количина;
- временски расчекор од изготвување до потпишување/одобрување на временската ситуација, од страна на инспекторот, (кај одделни подружници овој период достигнува дури и до 8 месеци) и
- временски ситуации потпишани/одобрени од страна на инспекторот без поткрепувачка документација .

**Препорака**

МЗШВ на РМ во законската регулатива да утврди временска рамка за регулирање на вршење надзор како и потребна документација од извршување на активностите наведени во временската ситуација до одобрување на истата од страна на државните инспектори за шумарство.

Во сметководствената евиденција на ЈП Македонски шуми да се врши евидентирање само на временските ситуации кои се поткрепени со потребната документација.

4.3.8. Со увид во евиденцијата и документацијата на јавното претпријатие, ревизијата утврди дека приходите на јавното претпријатие се прецenети за износ од 2.011 илјади денари поради не уплатените средства по основ на приходи од издавање на деловен простор во Буџетот на РМ. Согласно Законот за располагање со стварите во државна сопственост, приходите кои се остваруваат по овој основ јавното претпријатие треба да ги уплатува во Буџетот на РМ, односно се приход на РМ бидејќи имотот со кој располага претпријатието е сопственост на РМ, а јавното претпријатие има право да го користи, но нема право наемнината за издадените објекти под наем, како приход да ја задржува за свои цели. Приходи по основ на наемнини, недвижности и др. во 2010 година, се остварени во 6 подружници (Пехчево, Тетово, Демир Хисар, Битола, Гостивар, Берово).

4.3.9. Од документацијата на ЈП Македонски шуми – подружницата Кавадарци и Дирекција Скопје, ревизијата не се увери во оправданоста и наменското трошење на средствата за плаќање на закупнина за производна хала, во која се сместени машини и опрема за производство на суровинска иверица сопственост на ЈП „Македонски шуми„ согласно Договор за купопродажба. Закупнината е обврска на ЈП Македонски шуми по основ на донесени судски пресуди. Истата се плаќа

врз основа на Договор[3] склучен во декември 2008 година како и Анекс кон Договорот за намалување на 30% од цената на закупнината склучен 2009 година.[4]
Во 2007 година изготвен е Елаборатот за проценка на вредноста на опремата, при што истата била проценета во износ од 237.420ЕУР односно 14.553.846,00 денари.

Со извршениот увид во целокупната документација (ревидирана е и документација што датира од поодминати години, а е основ за донесени судски пресуди), ревизијата утврди состојби настанати како последица на неправилности во работењето од периодот кога производната хала е купена - 1986 година, до периодот кога за истата се склучува договор за закуп - 2008 година. Состојбите се следни:

- Надмината е вредноста на опремата утврдена во Елаборатот за проценка на истата (за последните 3 години на име закупнини за опремата исплатено е 14.426.915,00 денари)[5];
- Се плаќа закупнина за опрема која согласно категоризација на истата во Елаборатот не е исправна и не е целосно употреблива;
- Производната хала во која е сместена опремата е купена од страна на Подружницата Бор Кавадарци (согласно купопродажен договор од 1986 година и записник). Истата постои во пописните листи на подружницата и е осигурана;
- Решение од Државниот завод за геодетски работи со кое барањето на Подружницата Бор Кавадарци за упис на сопственоста се одбива како неосновано, но во приближно истиот период извршен е упис на сопственоста на производната хала на ДИК Страшо Пинџур, односно Амбалажа Кабран;
- Ист субјект се јавува во улога на добавувач и купувач. (исто лице е директор на ДИК Страшо Пинџур - продавач и директор на новоформираната фирма Амбалажа Кабран - купувач на предметната производна хала на кого е запишана сопственоста во имотен лист од 2005 година);
- Одлука на Владата на РМ (01.06.2006 година) за отуѓување на опремата донесена по спроведување на Одлуките на УО од 07.10.2005 и 02.11.2005 година.;
- Информација од ЈП Македонски шуми доставена до Владата на РМ со „барање за согласност за продажба на деловната опрема од фабриката за иверица од ПШС„Бор„Кавадарци. До завршување на ревизијата, немаме сознанија дека Владата на РМ превземала одредени активности и решенија.

[3] Извор на податоци: Договор за закупнина бр.03-2/100 од 25.12.2008 година
[4] Извор на податоци: Анекс на договор за закуп на производна хала бр.03-200/100 од 25.12.2008 година заведен под бр.03-16/505 од 06.07.2009 год. како и Анекс на договор за закуп на производна хала бр.03-200/100 од 25.12.2008 година заведен под бр.03-14/18 од 14.03.2011 год.
[5] Извор на податоци: Конечен извештај на внатрешната ревизија на ЈП Македонски шуми за Подружница Бор за 2009 год.

**Препорака**

Владата на РМ и ЈП „Македонски шуми“ да преземат итни мерки и активности со цел надминување/расчистување на горенаведените состојбите и елиминирање/намалување на не продуктивните трошоци предизвикани од Договорот за закуп како и Анекс на истиот.

## 5. Ревизорско мислење

5.1. Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1 и 4.3 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП Македонски шуми на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

5.2. Според наше мислење, освен наведеното во точката 4.2, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност (кои не влијаат на мислењето)

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансиските извештаи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

6.1.1. Основната дејност - сеча, дотур и превоз на дрвни сортименти (огревно и техничко дрво), јавното претпријатие во голем дел т.е. 92% ја извршува со надворешни извршители и за реализација на истата објавува тендери. Со увид во документацијата, ревизијата констатира дека реализирањето на тендерите е долготрајна и комплексна процедура, која, во крајна линија го забавува процесот на производство во претпријатието.

Имено, поради тоа што проценетата вредност на набавката е над 500.000 евра без пресметан ДДВ, за извршување на шумарски услуги со надворешни извршители, се распишуваат меѓународни тендери, задолжително објавени и во Службено гласило на Европската унија или во соодветна деловна публикација достапна на широката меѓународна стручна и друга јавност. Рокот за поднесување на понудите не смее да биде покус од 52 дена, а деливоста на тендерот е голема имајќи предвид дека се работи за услуги кои се изведуваат на ниво на цела

Македонија. Постапката се усложнува поради тоа што многу често се јавуваат економски оператори кои:

- се несоодветно опремени, или недоволно обучени за извршување на ваков вид на услуги;
- навреме не ги исполниле обврските т.е. не ги реализирале купопродажните договори, па доаѓа до судски спорови, со што од една страна се оддолжува времето за извршување на услугата, т.е. се забавува процесот на производство и реализација, а од друга страна се зголемуваат трошоците;
- не ги исполниле обврските по склучените договори од претходни постапки или за претходни години, па се јавуваат и во наредните постапки. Имајќи го предвид негативното искуство за неквалитетно и ненавремено извршување на обврските, Комисијата за ЈН ги одбила, но истите доставиле жалби до Државната Комисија за жалби по јавни набавки, и тужби до Управен суд со што го оддолжат склучувањето на договорите и извршувањето на предвидените шумарски услуги.

Исто така, проблем се јавува и во случај кога за одредени количини не може да се изврши избор на економски оператор, поради понуди со повисоки цени од планираните, или поради тоа што за одредени делови нема понуди.

Конкретно, за 2010 година, тендерот за извршување на услугите сеча, дотур и превоз три пати се објавувал, поради тоа што имало количини на дрвни сортименти:

- за кои не биле избрани понудувачи во претходна постапка;
- за кои биле повлечени понуди по првата објава;
- кои биле неизвршени по претходни постапки за одделни фази, и
- кои биле дополнително утврдени заради зголемена побарувачка од дрвни сортименти.

Постапката започнала во ноември 2009 година кога е објавен првиот меѓународен тендер, а завршила со третиот меѓународен тендер во септември 2010 година.

Имено, објавена е меѓународна постапка за Услуги - Сеча, дотур и превоз со утовар и растовар на дрвни сортименти по Подружници во состав на ЈП "Македонски шуми"-Скопје за вкупен износ од 595.217 илјади денари без пресметан ДДВ. Предметот на оваа набавка бил делив на 1.495 делови, по оддели во шумско стопанските единици, по Подружници, и по фази на работа, а најмал дел за кој учествувал еден понудувач е еден оддел во шумско стопанска единица и една фаза од услугата. Поднесени биле 217 понуди, а отворањето е спроведено во јануари 2010 година. Извршена е евалуација, рангирање и избор, но поради објективни причини (недоволно расположливи средства за избрана количина, откажување на под изведувачи, раскинување на меѓусебни договори како здружени понудувачи и сл.), повлечени се 14 понуди пред склучување на договор, а поднесени се 18 жалби, од кои, по извршен увид од страна на економските оператори, 11 се доставени до Државна комисија по Јавни набавки. Во април 2010

Комисијата донела Решение со кое се одбиваат жалбите како неосновани. Оваа постапка се уште трае поради тоа што еден економски оператор -жалител прво поднел барање до Управен суд за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на одлуката за избор, кое во јули 2010 година е одбиено од судот, а потоа поднел тужба до Управниот суд по која постапката се уште трае.

Во мај 2010 објавен е вториот меѓународен тендер, за вкупен износ од 202.608 илјади денари без пресметан ДДВ. Отворањето е спроведено во јуни 2010 година. Поднесени се вкупно 95 понуди, а пред евалуација на понудите повлечени се вкупно 9 понуди. По оваа постапка, 2 жалби се поднесени до Државна комисија по Јавни набавки, од каде во јули 2010 донесено е Решение за одбивање на сите жалби како неосновани.

Кон крајот на јули објавен е третиот меѓународен оглас за вкупен износ од 82.378 илјади денари без пресметан ДДВ. Отворањето е спроведено во Август.2010 година. Поднесени се вкупно 24 понуди, а пред евалуација на понудите повлечена е една понуда.

Договорите по сите три постапки се склучувани по истекот на законскиот рок од 12 дена од добивањето на известувањата и одлуките за избор и по добивање на Решение од Државната комисија за жалби.

За извршување на работите – Изградба, реконструкција и прочистување на шумски патишта, јавното претпријатие, поради несоодветниот квалитет на машините за изградба на поголем дел на шумски патишта (потребни се машини со најмала јачина од типот на ТГ-140,ТГ-160 и ТГ170), ангажира надворешни извршители, за кои секоја година се планираат и распишуваат тендери.

Постапката и кај овие тендери временски долго трае поради тоа што не се целосно успешни во првата објава, па се објавуваат по две, а не ретко и три објави. Ова поради тоа што:

- се случува за некои делови – лотови да нема понуди;
- понудени се повисоки цени од реалните;
- повлечени се понуди поради нереално ниски цени;
- не се исполнети критериумите за располагање со соодветна механизација.

Покрај комплексноста на постапката за избор на изведувач, често пати и непредвидени работи ја забавуваат изградбата на патиштата (работа со под изведувачи кои се откажуваат поради непознати услови во шума, временски непогоди, минирање на непредвиден карпест дел или промени на трасата), а тоа директно влијае на навремената реализација на производството.

Имајќи предвид, од една страна сложеноста на постапката за избор на економски најповолни оператори, а од друга страна фактот дека производството на шумски сортименти во ЈП "Македонски шуми" се одвива во шума и во голем дел зависи и од временските услови, на кои објективно не може да се делува, ревизијата укажува на ефектите од горенаведеното врз финансиските извештаи во наредниот период.

Јавното претпријатие во соработка со органот надлежен за јавни набавки да преземе активности за поедноставување на постапката за избор на најповолен економски оператор за услуги од сезонски карактер на кои влијаат временските услови.

6.1.2. Со увид во Билансот на успех, ревизијата констатира дека, расходите поврзани со одржувањето на возниот парк - гориво, мазиво, сервисирање и резервни делови во вкупен износ од 131.433 илјади денари, заземаат значително учество во вкупните трошоци на јавното претпријатие.
Возниот парк, особено механизацијата е со голема просечна старост од над 25 години, во просек 60-70% употребливи во текот на годината. Со ваква механизација јавното претпријатие врши изградба, реконструкција и прочистување на шумски патишта. По потреба механизацијата се користи и за прочистување и санација на шумски патишта во услови на временски непогоди, и за извлекување на техничка дрвна маса во непристапни терени при појава на пожари.
Честите дефекти на механизацијата, од една страна го отежнуваат процесот на производство односно доведуваат до неисполнување на производните а со тоа и на финансиските планови, а од друга страна влијаат на зголемување на трошоците за тековно одржување а со тоа и на пораст на трошоците за изградба реконструкција и прочистување на патиштата.
Во Годишната инвестициона програма за 2010 година за која има согласност од Владата на РМ предвидено е набавка на 30 теренски возила со сопствени финансиски средства обезбедени од тековно работење. До крајот на годината набавката не е реализирана, поради неуспешна постапка за јавна набавка.
Во функција на поекономично и поефикасно работење, да се интензивираат активностите за обновување на возниот парк особено на механизацијата на јавното претпријатие.

6.1.3. Од согледувањата за работењето на јавното претпријатие, ревизијата констатира дека до денот на завршување на ревизијата Владата на РМ не ја спровела одредбата од Законот за шуми, со која е предвидено да се донесе посебен закон за трансформација на претпријатието.
Ревизијата констатира дека претпријатието редовно ги подмирува обврските од тековното работење и со цел за да оствари заштеди во работењето, ги спроведува антикризните мерки на Владата на РМ[6]. Но, во функција на намалување на трошоците за производство, обезбедување ефикасен сооднос на непродуктивни и продуктивни работници, а со тоа намалување на трошоците што се плаќаат на надворешни извршители за вршење на основната дејност – сеча, дотур и превоз, пресметка на плата што ќе обезбеди мотивираност кај сите подружници, како и зајакнување на чувството за единство и припадност на сите подружници кон исто

[6] Донесени се акти со кои се укинати: правото на исплата на дневници и теренски додатоци, правото на наградување, правото на репрезентација, намалување на лимитите на мобилните телефони и сл.

претпријатие, ревизијата укажува дека при избор на трансформација на јавното претпријатие треба да се имаат во предвид позитивните примери на останатите земји од регионот.

Скопје, 07.11.2011 година

**Ревизорски тим:**

*1.*________________________

*2.*________________________

*3.*________________________

**Овластен државен ревизор**

________ ______________

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-женија | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3,1 | 1.639.633 | 1.595.388 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 3,2 | 12.579 | - |
| Останати деловни приходи | 3,3 | 205.792 | 203.952 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **1.858.004** | **1.799.340** |
| Залиха на почетокот на периодот | | 185.973 | 113.099 |
| Залиха на крајот на периодот | | 188.274 | 183.896 |
| Материјални трошоци | 3,6 | 758.854 | 714.473 |
| Трошоци за бруто плати | 3,7 | 734.298 | 762.147 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3,8 | 35.136 | 38.083 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3,9 | 16.263 | 18.471 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 3,10 | 123.319 | 130.672 |
| Останати оперативни трошоци | 3,11 | 153.291 | 191.118 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **1.818.860** | **1.784.167** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3,4 | 1.003 | 2.062 |
| Приходи од учества на вложувања | 3,5 | 90 | 1.359 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3,12 | 2.613 | 12.053 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **37.624** | **6.541** |
| Резервации за трошоци | | (123.319) | (130.672) |
| **Данок од добивка** | | **3.647** | **3.394** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **33.977** | **3.147** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1 | 23.199 | 76.885 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2 | 626.746 | 598.414 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3 | 31.373 | 12.627 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 4.4 | 998 | 1.045 |
| Други краткорочни побарувања | 4.5 | 125.093 | 50.145 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.6 | 54.403 | 40.562 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.7 | 11.349 | 11.421 |
| Залихи | 4.8 | 272.301 | 270.322 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.145.462** | **1.061.421** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.9 | 58.460.655 | 57.337.297 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.10 | 33.805 | 33.805 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **58.494.460** | **57.371.102** |
| **Вкупна актива** | | **59.639.922** | **58.432.523** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.11 | 194.824 | 163.426 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.12 | 16.133 | 13.305 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 4.13 | 14.409 | 6.392 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.14 | 882 | 262 |
| Останати краткорочни обврски | 4.15 | 1.926.777 | 1.949.743 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.16 | 6.144 | 5.027 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **2.159.169** | **2.138.155** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.17 | 3.724 | 3.255 |
| Долгорочни резервирања | 4.18 | 284.427 | 257.339 |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.19 | 50.714.744 | 49.586.972 |
| Ревалоризациона резерва | 4.20 | 6.732.629 | 6.732.629 |
| Резерви | 4.21 | 621.868 | 621.868 |
| Акумулирана добивка | 4.22 | 0 | 3.147 |
| Нето добивка | 4.23 | 33.976 | 0 |
| Пренесена загуба | 4.24 | 910.615 | 910.842 |
| Загуба за финансиска година | | 0 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **57.192.602** | **56.033.774** |
| **Вкупна пасива** | | **59.639.922** | **58.432.523** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | | |

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Добивка од финансиската година | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **49.586.972** | **621.868** | **6.732.629** | **3.147** | **-** | **(910.842)** | **56.033.774** |
| Уплати на акции | | - | | - | | | **-** |
| Добивка за финансиска 2010 година | | - | | | 30.829 | | **30.829** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | 1.127.772 | | | | | | **1.127.772** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **50.714.744** | **621.868** | **6.732.629** | **3.147** | **30.829** | **(910.842)** | **57.192.375** |



Ревизорски тим:
1.________________________
2.________________________
3.________________________

Овластен државен ревизор
________ ________________

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2009/2010** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **37.624** |
| Амортизација | 35.136 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 4 |
| Данок од добивка | (3.647) |
| **Готовински текови од работење** | **69.117** |
| Побарувања од купувачи | (52.339) |
| Побарувања од поврзани субјекти | |
| Краткорочни финансиски вложувања | |
| Други краткорочни побарувања | (82.155) |
| Платени трошоци за идните периоди | (13.842) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 1.119 |
| Залихи | 9.441 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | - |
| Обврски спрема добавувачи | 31.398 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (427) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 8.017 |
| Краткорочни обврски од финансирање | |
| Останати краткорочни обврски | (22.084) |
| Одложени плаќања на трошоци | 1.118 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(50.637)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (6.305) |
| Краткорочно финансиски вложуваља | 43 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (27.337) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(33.599)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | 3.462 |
| Капитал | - |
| Долгорочни резервирања | 27.088 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **30.550** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(53.686)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **76.885** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **23.199** |

**Преглед II**

## Резултати

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 1303-358/8 за 2007 година**

| | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Систем на интерни контроли** | | | |
| 11.1.1 | Нецелосна уплата на дневниот пазар на сметката во носителот на платен промет, користење на истиот за материјални трошоци кај дел од Подружниците и исплати на име аванси што не е во согласност со одредбите од Законот за платниот промет. | Да се пропишат, донесат и имплементираат контролни постапки во процесот на плаќање. | Спроведена | Воспоставени се контролни постапки во процесот на плаќање. |
| 11.1.2 | Невоспоставени соодветни контролни системи во постапките за јавни набавки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), | Да се пропишат, донесат и имплементираат контролни постапки во процесот на јавни набавки. | Спроведена | Определено е лице за физичко и финансиско следење на реализација на договорите, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.1.3 | Обврска за неплатен данок (ДДВ, персонален данок и данок од добивка) во вкупен износ од 1.174.243 илјади денари.<br>Во март/2007 год Управата за јавни приходи одобрила плаќање на даночниот долг на 12 еднакви месечни рати, а менаџментот на "Македонски шуми" побарал одлагање на плаќање на даночниот долг. | Македонски шуми" во соработка со основачот – Владата на Република Македонија и надлежните органи да пристапат кон уредување на начинот на подмирување на заостанатите даноци и придонеси и обезбедување услови за континуирано и навремено подмирување на тековните обврски на име даноци и придонеси. | Делумно спроведена | Начинот на плаќање на заостанатите даноци е уреден со договор за одложено плаќање. |
| 11.1.4 | На име обврски за плати и придонеси од плати од минати години "Македонски шуми" во сметководствената евиденција искажува обврска во вкупен износ од 267.734 илјади денари. | "Македонски шуми" да воспостави соодветни процедури и постапки кои ќе овозможат плаќање на јавните давачки во моментот на настанување на нивната обврска. | Делумно спроведена | Се вршат уплати само на заостанати придонеси на лица по претходна пресметка од Фондот за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ПИОМ |
| 11.1.5 | Кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство искажани се неподмирени обврски во вкупен износ од 60.405 илјади денари и тоа за шумска полиција износ од 53.896 илјади денари и за проширена репродукција износ од 6.509 илјади денари, | Да се превземат активности за подмирување како на заостанатите така и на и тековните обврски. | Нема ефекти од преземените активности | Преземени се активности за подмирување на обврските |
| 11.1.6 | Нема имотни листи за потврдување на сопственоста на имотот (земјиште и градежни објекти) на “Македонски шуми”, | Да се превземат активности за целосно запишување на правото на користење, управување, располагање со недвижностите, пријавување на промените на недвижниот имот и промена на катастарската култура во јавните книги кај надлежниот орган. | Спроведена, (имотните листови се очекуваат) | Преземени се активности за потврдување на сопственоста на имотот, а по донесување на Законот за дивоградби, се водат постапки за запишување на правото на сопственост врз објекти кои биле диво градби |
| | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.2.1 | Несоодветно евидентирање/вредносно усогласување, на тужените/соминителни и спорни побарувања, и необјективно искажување на истите во трговските книги. | Да се преземат мерки и активности за доследно почитување на сметководствените | Делумно спроведена | Преземени се активности за почитување на сметководствен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | политики | | ите стандарди Ревизијата повторно утврди слабости поради непочитување на сметководствен ите политики и стандарди |
| 11.2.2. | Дел од побарувањата од купувачи во земјата во износ од 249.483 илјади денари или 40,64% од вкупните побарувања (613.935 илјади денари) не се наплатени поради нецелосно превземени мерки за обезбедување и наплата (нема судска завршница за комитенти кои се во стечај или ликвидирани, направена е проценка дека се не наплатливи, | Менаџментот и Управниот одбор да превземат мерки и активности за наплата на ненаплатените побарувања и за истите за кои ќе оцени дека се ненаплативи да донесе соодветен акт за отпишување.<br><br>Надлежните органи за управување и раководење да превземат активности за пропишување, | спроведена | Поднесени се тужби за ненаплатени побарувања, а договорите за купопродажба се склучуваат со обезбедена гаранција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | донесување и имплементирање на политики за обезбедување на побарувањата | | |
| 11.2.3. | На позицијата производи во туѓ склад во Подружниците Берово, Велес и Охрид евидентирани се производи (паркет) дадени кај други правни субјекти на доработка и тоа 1.492,69 м2 паркет во вредност од 826 илјади денари. Оваа состојба потекнува од 2002 година. На ревизијата не и е презентиран документ за извршен попис, ниту granпописна листа од субјектот кај кого се дадени производите на доработка. Спротивно на одредбите од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, претпријатието не превзело активности за утврдување на фактичката состојба на дадените производи, поради што не може да се утврди и евидентира фактичката состојба на производите во туѓ склад, да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција. | Надлежните органи да превземат активности за формирање на комисија за утврдување на фактичката состојба, изготвување на извештај и предлагање на мерки за постапување на надлежните органи. | Делумно спроведена | Формирана е Комисија за утврдување на Фактичката состојба на производите на туѓ склад |
| | По основ склучување на договори за закуп на објекти евидентирани се ненаплатени побарувања од закупнина во износ од 7.574 илјади денари. До денот на ревизијата вкупно ненаплатени побарувања од закупнини евидентиран е износ од 8.597 илјади денари, што укажува на непочитување на динамиката на наплата на побарувања по основ на закупнина. И го отежнува остварувањето на очекуваниот прилив на парични | Да се превземат мерки и активности за оценка на одредбите на Договорите и по потреба да се вградат одредби за обезбедување на | спроведена | Наплатени се побарувањата по основ на закупнини |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средства од закуп и користење на средствата за тековно работење на претпријатието. | побарувањата и да се пристапи кон целосна наплата на побарувањата. | | |
| | “Македонски шуми”, спротивно на МСС и Законот за трговски друштва, не врши евидентирање на каматните листи за редовни и затезни камати на стасаните а неплатени обврски по основ на:<br>• денарски кредити пренесени на Агенцијата за санација на банки согласно Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија, Договор за целосна наплата на побарувањето од ЈП “Македонски шуми”-Скопје<br>• користени кредити од Меѓународна банка за обнова и развој<br>Ова доведува до нереално и необјективно прикажување на позициите во финансиските извештаи на претпријатието. | Да се превземат мерки и активности за усогласување и утврдување на обврските по основ на редовни и затезни камати со надлежните органи и изврши нивно евидентирање во трговските книги. | Делумно спроведена | Овие побарувања се отпишани по основ на застареност |
| | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| | На позицијата Останати платени трошоци за идни периоди и недостасана наплата на приходи во Билансот на состојба на 31.12.2007 година во Подружница Куманово евидентирано е салдо во износ од 45.556 илјада денари кое потекнува од книжни задолженија од Дирекција за извршени плаќања по Пресуди за тужби од вработени за неисплатени плати и придонеси од минати години. ***Во сметководствената евиденција на*** | | Не е спроведена | ***Не е извршено раскнижување поради недоставени судски пресуди***. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Подружницата не се превземени мерки и не е извршено расчистување на наведената позиција односно не е извршено расknижување и намалување на обврските кои ги има Подружницата по основ на обврски спрема вработени за неисплатени плати и придонеси и евидентирање на трошоци за камати и судски трошоци.*** Несоодветно евидентирање на книжните задолженија не е во согласност со Законот за трговски друштва. Непочитување на законската регулатива, неуредно и неажурно евидентирање на промените во трговските книги предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведената позиција во Билансот на состојба на претпријатието. | | | |
| | На позицијата останато одложено плаќање на трошоците и приходите во идните периоди во Билансот на состојба е искажан износ од 47.260 илјади денари. Со увид во документацијата констатирано е дека се евидентирани пренесени состојби од позициите исправка на вредноста на побарувања од купувачите во периодот од пред 1999 година, неисплатени плати во периодот пред 2003 година, продажба на лизинг и отпис на обврски за шумска полиција и проширена репродукција заклучно со 31.12.2004 година по Заклучок на Влада на Република Македонија број 19 – 2577/1 од 14.07.2005 година. Искажаните износи не се поткрепени со целосни сметководствени документи, поради што од една страна овие билансни позиции не може реално и објективно да се утврдат, а од друга страна се намалува квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат тие. Наведеното не е во согласност со Законот за трговски | Да се превземат мерки и активности за расknижување на сите платени Извршни судски решенија и евидентирање на промените во деловните книги согласно МСС и Законската регулатива | Делумно спроведена | Иако преземени се активности за расknижување Сеуште не се расknижени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | друштва. | | | |
| | **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите** | | | |
| | Од извршена ревизија на располагањето со парични средства во готово кај дел од Подружниците на "Македонски шуми" констатирани се состојби кои не се во согласност со Законот за платниот промет и Законот за трговски друштва и тоа:<br>• не се врши редовна уплата на паричните средства од дневен пазар примени во готово на сметката кај носителот на платен промет,<br>• прибраните парични средства по основ на продажба на готови производи Подружниците ги користат за подмирување на дневни потреби односно материјални трошоци;<br>• Подружница Демир Хисар воспоставила пракса на давање и враќање на парични средства од благајна на име аванси на секачи и дотурачи. До 31.12.2007 година по овој основ исплатени се вкупно средства во износ од 34.625 илјади денари и вратени 24.768 илјади денари. На известувачкиот датум салдото на сметката дадени аванси на вработени изнесува 9.857 илјади денари. На ревизијата не и беа презентирани прилог списоци на лица на кои се дадени и од кои се вратени наведените средства во благајна.<br>Нередовна уплата на дневен пазар, користење на истите за материјални трошоци, како и давање на парични средства на име аванси без уредна и веродостојна документација доведува до ненаменско и незаконско користење на парични средства и | Менаџментот и Управниот одбор да превземат активности и мерки за воспоставување на систем на котрола на располагањето и плаќањето со готови парични средства во Подружниците на "Македонски шуми". | Спроведена | Извршена е контрола по подружници за утврдување на побарувањата од вработени. Констатираните неправилности се коригирани и преземени се активности за утврдување на одговорноста |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | остава простор за злоупотреба. | | | |
| | На позицијата побарувања од вработени на 31.12.2007 година евидентирани се побарувања во износ од 29.724 илјади денари кои во најголем дел потекнуваат од минати години и се однесуваат на дадени аванси на вработени и но и на лица кои не се во работен однос во претпријатието (секачи, дотурачи и др.) а кои извршувале активности за претпријатието. Поради не превземени мерки за навремено враќање, согласно Законот за облигациони односи, наплатата на овие побарувања е неизвесна и придонесува за намалување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието. Менаџментот на претпријатието во 2008 година има донесено интерни акти со кои се регулира начинот на давање и враќање на парични средства на име аванс за што ревизијата за овој дел од утврдената состојба недава препорака. | Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да превземат активности за утврдување на одговорноста на лицата кои придонеле за ваквата состојба | Спроведена | Извршена е контрола по подружници за утврдување на побарувањата од вработени. Констатиранит е неправилности се коригирани и преземени се активности за утврдување на одговорноста |
| | Подружница Стогово - Дебар во текот на своето работење воспоставила пракса на редовна месечна исплата на аванси за плата, спротивно на донесената политика за исплата на плати на ниво на претпријатието. Исплатените парични средства по овој основ до 31.12.2007 година изнесуваат 7.360 илјади денари, а до денот на ревизијата овој износ континуирано се зголемува и изнесува 9.156 илјади денари, Овој начин на користење на средствата, за исплати на аванси за плати, доведува до одлевање на средства од претпријатието и ги става во нерамноправна положба вработените во "Македонски шуми". | Надлежните органи за управување и раководење во претпријатието да го известат одговорното лице на Подружницата за прекин на воспоставената пракса, да извршат дополнителна контрола и за утврдените | Спроведена | Извршена е контрола по подружници за утврдување на побарувањата од вработени. Констатиранит е неправилности се коригирани и преземени се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | состојби да превземат соодветни мерки. | | активности за утврдување на одговорноста |
| | На позициите обврски спрема добавувачи во земјата и обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки во Подружниците во Кавадарци, Струмица, Прилеп и Куманово констатирани се плаќања во износ од 11.442 илјади денари, без постоење на обврска или во поголем износ од евидентираната обврска, за што на ревизијата не и беше доставена уредна и веродостојна документација Наведеното не е во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за содржина на сметките во сметковниот план и предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата по однос на извршените плаќања. | Да се превземат мерки и активности за расчистување на претплатните салда на обврски спрема добавувачи и обврски за нефактурирани стоки, да се утврди старосна структура, основот за извршените плаќања и утврдување на можност и мерки за враќање на истите. | спроведена | Извршена е контрола по подружници за утврдување на побарувањата од вработени. Констатираните неправилности се коригирани и преземени се активности за утврдување на одговорноста |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | На позицијата краткорочни обврски по основ на заеми и кредити на 31.12.2007 година искажани се обврски во вкупен износ од 34.025 илјади денари како резултат на склучени договори за задолжување во 2001, 2003, 2004 и 2006 година без согласност од основачот во вкупен износ од 143.420 илјади денари, спротивно на Законот за јавен долг и Законот за јавните претпријатија<br>Ревизијата утврди и трошоци за затезни камати во износ од 2.383 илјади денари поради нередовно сервисирање на превземените обврски за враќање на средствата според амортизациониот план.<br>Наведеното доведува до незаконско користење на средствата на претпријатието и намалување на ликвидноста. | Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието пред донесување на одлуки и решенија за задолжување на претпријатието да извршат целосна анализа за финансиската состојба и ликвидност на претпријатието и да ги обезбедат потребните акти од надлежните органи ( Министерство за финансии и Влада на Република Македонија). | Спроведена | Нема нови кредитни задолжувања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | На позицијата долгорочни обврски по основ на заеми и кредити на 31. декември 2007 година искажани се обврски во вкупен износ од 176.842 илјади денари по основ на стара кредитна линија пренесена на Агенцијата за санација на банките за користени денарски кредити од Меѓународна банка за обнова и развој од ПОС "Бабуна Велес" и ПОС "Голак" Делчево, во 2001 година. До денот на ревизијата "Македонски шуми" нема извршено уплата на парични средства за сервисирање на остатокот на долгот на сметката на Агенцијата. Ова од една страна е спротивно на Законот за трговски друштва и одредбите од договорите и анексите за кредитот, а од друга страна не сервисирањето на превземените обврските кои "Македонски шуми" ги има спрема Агенцијата – Министерството за финансии, предизвикува дополнителни расходи, односно **потценување на приходите на** Буџетот на Република Македонија. | Надлежните органи на претпријатието да преземат активности во соработка со Министерството за финансии да го уредат начинот на подмирување на доспеаните обврски. | спроведена | Извршен е отпис на побарувањата |

**Ревизорски тим:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

**Овластен државен ревизор**

____________________